**ЗАПИСНИК**
**од првото продолжение на 42-та седница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 05.01.2016 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Селвер Ајдини (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев – Чакар, Шќипе Тахири, Билјана П. Парлеева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Илија Витков.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, информира дека г-дин Ајдини, го најавил своето отсуство од седницата, поради патување во странство. Во врска со дневниот ред, бидејќи беше настаната техничка грешка, односно материјалот по точката беше доставен во формат кој неможе да се прочита, најави дека ќе се разгледува Предлог-Записникот од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2015 година.

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-Записник од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2015 година.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно, со шест гласа „за“, го усвои предложениот Записник од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Бр. 02-115/2**
**14.01.2016 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**